Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

АРХ [redacted]

ИП1 бр.29-101
28.03.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22) и Законот за управување со отпад (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.216/21), по извршениот редовен инспекциски надзор на 27.03.2025 год. во сервисот за поправка на електрични производи на ТДСУ. Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје на Бул. 3-та Македонска Бригада бр.52 Скопје-Аеродром, застапувано од управителот Владанка Трајкоска, во врска со задолженијата од Б-ИЕД, а во врска со записникот ИП1 бр.29-101 од 27.03.2025г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува ТДСУ. Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје на Бул.3-та Македонска Бригада, бр.52 Скопје-Аеродром застапувано од управителот Владанка Трајкоска, во Сервисот за поправка и производство на електрични производи :

- Да изврши мерење на емисија на гасови ( $SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број ) од оџакот на котларата за парно греење, која работи на нафта за потребите на сервисот и да изврши анализа на отпадните води што се испуштаат во канализациската мрежа, а резултатите од анализите да ги достави до ДИЖС согласно решението за одобрениот елаборат за животна средина со бр.08-1021/2 од 18.03.2024 год.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина - Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012 на ден 27.03.2025 год. ., изврши редовен инспекциски надзор во Раде Кончар-сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје поседува Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.08-1562/12 од 03.10.2019г. издадена од Градот Скопје, а се однесува на Погонот за Деконтаминација на трансформатори и опрема контаминирани со PHB-Полихлорирани Бифенили. Поседува и дозвола за

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

вршење деност складирање и третман на опасен отпад бр. УП1-23 1412/2017 од 23.03.2018г. на разни видови на отпадни масла, за физички и механички третман на отпадни масла со шифра 13 02 , 13 03, 16 02, 16 02 09 , 16 02 10 и 16 02 14, преку постапка на селектирање и сортирање и преку постапка на груба филтрација на маслата до 2 т. на ден. За сервисот за поправка на електрични проиаводи има изработено елаборат за заштита на животната средина за кој од Градот Скопје има добиено Решение за одобрување на елаборатот, заведено под бр.08-1021/2 од 18.03.2024 година. Во сервисот се врши производство на електромотори, генератори и трансформатори и уреди за дистрибуција и контрола на електричната енергија. Загревањето на сервисот се врши со парен котел кој работи на нафта. Според одобрениот елаборат предвидено е мерење на емисија на гасови од котларата да се врши еднаш годишно, а отпадни води два пати годишно. Мерења на емисијата на гасови и анализата на отпадната вода во канализацијата во 2025 година досега нема извршено, бидејки мерењата се вршат на шест месеци во годината, а последното е извршено во декември 2024 год.

Годишниот извештај за 2024 год.за постапување со отпад има доставено до МЖСПП на 28.01.2025г. (Во прилог на записникот).

За собирање на опасниот отпад има склучено договор со овластен собирач на опасен отпад ЕКО ТИМ ДОО Скопје, бр. 03-500/1 од 20.05.2021г.

Според Б-ИЕД издадена од Градот Скопје предвидено е испитување на мостри воздухот во халата за третирање на ПХБ еднаш годишно и тоа е извршено на 17.01.2025 година, со лабораториски извештај од акредитирана лабораторија 1521/24-1 од 17.01.2025 година. Исто така од истата лабораторија извршена е анализа и на подземна вода и почва согласно задолжувањата и мониторингот предвиден со Б-Дозволата.

Извршен е увид во погонот за третман на ПХБ маслата каде се собира и отпадот при третманот на маслата кој се предава на овластениот собирач на отпадни масла. Околу постројките за третман на ПХБ маслата во затворен погон има поставено танквани за собирање на евентуално истечено масло.

Бидејќи досега во 2025 година не е извршено мерење на емисија на гасови од котларата за парно греење за потребите на сервисот и анализа на отпадната вода во канализацискиот систем, да се постапи согласно решението за одобрениот елаборат за животна средина со бр.08-1021/2 од 18.03.2024 год.и лабораториските извештаи од извршените мерења и анализи да се достават до ДИЖС

Во врска со горенаведеното, Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот и задолженијата од Б-ИЕД, се постапи како во диспозитивот на Решението.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-101 од 28.03.2025г.

**Доставено до :**
- Архива
- ТДСУ. Раде Кончар-Сервис Бул.3-та Македонска Бригада, бр.68 Скопје Аеродром

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
[illegible]ЕВ